# Информации за програмата на наградите „Victorian Senior of the Year Awards“ („Викториски сениор на годината“)

Macedonian | Македонски

**OFFICIAL**

Наградите „Викториски сениор на годината“ им оддаваат почит на постарите лица кои волонтираат во заедницата. Наградите се објавуваат во октомври секоја година.

## Услови за учество

Можете да номинирате некого за награда. Лицето кое го номинирате мора да биде:

- државјанин или постојан жител на Австралија
- жител на Викторија
- на возраст од 60 години или постаро, или Абориџинец и/или лице од островите во Теснецот Торес кое живее во Викторија и е на возраст од 50 години или постаро.

## Категории на награди

Постојат 6 вида награди:

### Council on the Ageing (COTA) Victorian Senior Achiever Awards (Награди на Советот за стареење за високи постигнувања на сениори во Викторија)

Со овие награди им се оддава признание на шампионите во локалната заедница кои даваат значителен придонес за позитивното стареење во својата заедница.

### Emerging Impact Award (Награда за ново влијание)

Со оваа награда се оддава признание на поединец кој е нов во волонтирањето и има значајно влијание во својата локална заедница.

### Positive Ageing Award (Награда за позитивно стареење)

Со оваа награда се оддава признание на поединец кој ја подобрува благосостојбата на постарите лица во неговата/нејзината заедница преку промовирање на позитивно и активно стареење.

## Promotion of Multiculturalism Award (Награда за промовирање на мултикултурализмот)

Со оваа награда се оддава признание на поединец за значаен придонес во промовирањето на придобивките од културната разновидност во неговата/нејзината локална заедница и низ Викторија.

## Veteran Community Award (Награда за придонес во заедницата на ветерани)

Со оваа награда се оддава признание на поединец за исклучителен придонес во заедницата на ветерани. Примателот на наградата не мора да е ветеран.

## Premier’s Award for Victorian Senior of the Year (Награда на Премиерот за викториски сениор на годината)

Со оваа награда се оддава признание на поединец за извонреден и траен придонес во неговата/нејзината локална заедница и во Викторија. Наградата на Премиерот за викториски сениор на годината не е отворена за номинации. Сите номинации на кандидати кои ги исполнуваат условите од сите категории ќе бидат разгледани за оваа награда.

# Дознајте повеќе

За да номинирате некого за награда, ќе ви бидат потребни информации за лицето. Ова ќе вклучува:

- име и презиме
- возраст
- податоци за контакт
- примери за тоа како лицето им помага на другите во заедницата.

За да дознаете повеќе за наградите Victorian Senior of the Year Awards:

- посетете ја веб-страницата [Seniors Online](https://www.seniorsonline.vic.gov.au/awards) https://www.seniorsonline.vic.gov.au/awards
- јавете се на 8850 6164.

Контактирајте нѐ за да го добиете овој документ во друг формат. Ве молиме јавете се на тимот на Victorian Seniors Festival (Викторискиот фестивал на постари лица) на 8850 6164 или испратете имејл на seniorsfestival@dffh.vic.gov.au.

**Доколку сте глуви, наглуви или имате тешкотии со говорот/комуникацијата**, ве молиме контактирајте нѐ преку вашиот претпочитан канал за повик на National Relay Service (NRS)[1]. Потоа, дајте им го на NRS нашиот телефонски број 8850 6164. За повеќе информации, посетете ја веб-страницата About the National Relay Service[2]

Одобрила и објавила Викториската влада, 1 Treasury Place, Melbourne.
© Држава Викторија, Австралија, Министерство за семејства, праведност и домување, март 2026 година.
ISBN 978-1-76171-053-7 (pdf/online/MS word)
Достапно на Seniors Online https://www.seniorsonline.vic.gov.au/awards
(2603546 и 2603544)

[1] https://www.accesshub.gov.au/about-the-nrs/nrs-call-numbers-and-links

[2] https://www.accesshub.gov.au/about-the-nrs